**2378.**

Врз основа на член 14 од Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА И ВИДОТ НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ПОДНОСИТЕЛОТ И НЕГОВИОТ БРАЧЕН ДРУГАР ИЛИ ЛИЦЕ СО КОЕ ЖИВЕЕ ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА**

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата и видот на приходите, имотот и имотните права на подносителот и неговиот брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница, образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19 и 188/19 ), во член 6 став 1 во точката 17 точката на крајот на реченицата се заменува со точка- запирка и се додава нова точка 18, која гласи:

„18. копија на трансакциска сметка“.

Во ставот 2 зборовите „точките 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 14, 16 и 17“ се заменуваат со зборовите „точките 2, 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 14, 15, 16 и 17,“

Во ставот 3 зборовите „точките 5, 12, 13 и 15“ се заменуваат со зборовите „точките 13 и 15“.

Член 2

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-4461/1
22 јули 2020 година
Скопје

Заменик министер за труд
и социјална политика,
**Gjonul Bajraktar**, с.р.

Прилог бр.1

**До**

**ЈУ ------ ________________________________**
**( Центар за социјална работа)**
**БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ЗА СТАРИТЕ ЛИЦА**

1. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Единствен матичен број |
|---|---|---|
| _____ . _____ . ___________ | | __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ |

ДРЖАВЈАНСТВО_______________________________

ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ___________________________________

| Име на татко | Име на мајка | Брачен статус |
|---|---|---|
| | | ☐женет/мажена ☐разведен/а<br>☐вдовец/ца ☐вонбрачна заедница<br>☐непознато |

2. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА

| Број на лична карта | Издадена од | Ден на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Улица и број** | | **Населено место** | **Општина** |
| | | | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

4. ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

| | | |
|---|---|---|
| Број на трансакциска сметка | | |

5. ПОДАТОЦИ ЗА БРАЧЕН ДРУГАР /ЛИЦЕ СО КОЕ ЖИВЕЕ ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА

| Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ престојувалиште | Брачен другар / лице со кое живее во вонбрачна заедница | Образование |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Датум и место на поднесување

Потпис на подносителот

на барањето

________________________________ ________________________________

6. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО КОИ ГИ ДОСТАВУВА НОСИТЕЛОТ:

1. Важечка лична карта на граѓанинот на Република Северна Македонија, која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството ( за подносителот и неговиот брачен другар или лице со кое живее во вонбрачна заедница)

2. Пресуда за развод на брак

3.копија на трансакциска сметка